# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ, ЖИВОТНА СРЕДИНА И ЗАШТИТА НА ЗДРАВЈЕ И БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА СПОРЕД БАРАЊАТА НА ISO 9001:2008, ISO 14001:2004 И OHSAS 18001:2007 СТАНАДРДИТЕ во Друштвото ЦМЦ-ЕКОКОН Д.О.О. СКОПЈЕ

***ЦМЦ-ЕКОКОН Д.О.О. СКОПЈЕ*** е компанија која е целосно посветена на примената на квалитетот и заштитата и управувањето со животната средина и заштитата на здравјето и безбедноста при работа како систем на работа и истите се од големо значење и се на највисоко ниво. Основната цел на компанијата е да ги задоволи потребите на клиентите и нивните очекувања преку нудење квалитетни производи и услуги во областа на проектирање, изведбата и одржување на водоводни и други инсталации и системи за надзор и регулација. Системите за управување со квалитет, животна средина и заштита на здравје и безбедност при работа според барањата на стандардите ISO 9001:2008, ISO 14001:2004 и OHSAS 18001:2007 континуирано се надгледуваат и унапредува со цел да бидат исполнети Политиката и целите на компанијата. Високиот степен на Системите за управување со квалитет, животна средина и заштита на здравје и безбедност при работа е темел на работењето и постојаното унапредување на компанијата.

- ✓ ***ЦМЦ-ЕКОКОН Д.О.О. СКОПЈЕ*** изјавува дека главната цел на раководството и целиот персонал е давање на квалитетни производи и услуги на своите клиенти што одговара на сите нормативни барања.
- ✓ ***ЦМЦ-ЕКОКОН Д.О.О. СКОПЈЕ*** континуирано ќе го следи степенот на задоволство на клиентите и ќе ги проучува и исполнува нивните препораки, барања и рекламации се со цел истите да ги користи за подобрување на своите производи и услуги.
- ✓ ***ЦМЦ-ЕКОКОН Д.О.О. СКОПЈЕ*** се грижи за долготрајна и квалитетна соработка со своите клиенти, добавувачи и подизведувачи со цел обезбедување на квалитетни производи и услуги.
- ✓ ***ЦМЦ-ЕКОКОН Д.О.О. СКОПЈЕ*** се стреми да одржува тим од висококвалификуван и мотивиран персонал и води сметка за одржување и благопријатен творечки амбиент, притоа секој извршител да биде свесен за важноста на своите дејствија во однос на задоволувањето на барањата на клиентите и просперитетот на фирмата.
- ✓ ***ЦМЦ-ЕКОКОН Д.О.О. СКОПЈЕ*** ќе се грижи за континуирана обука и едукација на вработените како основна потпора на Системите за управување со квалитет, животна средина и заштита на здравје и безбедност при работа.
- ✓ ***ЦМЦ-ЕКОКОН Д.О.О. СКОПЈЕ*** се обврзува на идентификација на корективни и превентивни мерки за постојано унапредување на квалитетот на производите и услугите кои ги нуди.
- ✓ ***ЦМЦ-ЕКОКОН Д.О.О. СКОПЈЕ*** применува процесен период кон создавање и одржување на Системите за управување со квалитет, животна средина и заштита на здравје и безбедност при работа и за таа цел извршува идентификација, планирање, воведување, контрола и континуирано подобрување на сите процеси кои имаат влијание врз квалитетот на сите производи и услуги.
- ✓ ***ЦМЦ-ЕКОКОН Д.О.О. СКОПЈЕ*** им гарантира на своите клиенти коректност и максимално исполнување на превземените ангажмани во закажаните рокови.
- ✓ ***ЦМЦ-ЕКОКОН Д.О.О. СКОПЈЕ*** ќе се придржува кон рециклирање на отпадот и намалување на потрошувачката на енергија.
- ✓ ***ЦМЦ-ЕКОКОН Д.О.О. СКОПЈЕ*** ќе врши постојана контрола на своите процеси заради обезбедување на ефикасност на мерките за заштита на животната средина.
- ✓ ***ЦМЦ-ЕКОКОН Д.О.О. СКОПЈЕ*** се обврзува да ги исполни законски барања за заштита и управување со околината и заштита на здравјето и безбедност при работа.
- ✓ **ЦМЦ-ЕКОКОН Д.О.О. СКОПЈЕ** се обврзува за оптимално искористување на ресурсите и намалување на отпадот и негова селекција.
- ✓ ***ЦМЦ-ЕКОКОН Д.О.О. СКОПЈЕ*** вложува напори за зачувување на здравјето и безбедност на вработените во сите деловни активности.

*Во Скопје, 04.12.2013 год.*

***Управител***

***Драган Ковачев***

________________________